Во согласност со Законот за високо образование (Службен весник на РМ бр. 35/2008), и Законот за научно-истражувачка дејност (Службен весник на РМ бр. 46/2008), Институтот за комуникациски студии на ден 05.10.2020 година распишува

# К О Н К У Р С

## За избор и реизбор во наставно-научни звања

1. **Избор во сите наставни звања**
   - Двајца (2) наставници од научното подрачје општествени науки, научно поле политички науки, област политички науки (основи, теорија, методологија, историја, современи политички системи, друго);
   - Еден (1) наставник од научното подрачје општествени науки, научно поле маркетинг и комуникации;

   Покрај општите услови утврдени со Законот за високо образование и Законот за работни односи, кандидатите треба да ги исполнуваат и следниве услови: завршен трет циклус на студии, да имаат објавено трудови во меѓународни научни списанија, да покажуваат способност за изведување на наставно-научна и научно-истражувачка работа.

2. **Кандидатите треба да ги достават следните документи:**
   - Детална биографија;
   - Диплома за завршен втор и трет циклус на студии (оригинал или копија заверена на нотар);
   - Уверение за државјанство (оригинал или копија заверена на нотар);
   - Список на објавени научни и стручни трудови;
   - По еден примерок во печатена форма од објавените трудови;
   - Потврда за познавање на англиски јазик.

   Сите кандидати треба да имаат способност за работа во високомотивирана и динамична околина, со желба за понатамошно лично и професионално усовршување.

3. **Конкурсот трае осум (8) работни дена од денот на објавувањето.**
   Потребната документација кандидатите треба да ја достават во Институтот за комуникациски студии на **ул. Јуриј Гагарин бр. 17/1-1, Скопје**.

   Документите не се враќаат.
   Избраните кандидати ќе бидат контактирани.

**Ве молиме, без телефонски јавувања**.